# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 16 Јуни 2020 година<br>Службен гласник број 8<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИ ТАКСИ**

1.Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комунални такси, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-1488/1<br>16.06.2020 година<br>П р и л е п | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Прилеп<br>Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), а во врска со член 3 став 1 точка 3 од Законот за комунални такси(Службен весник на Р.М бр.61/04, 12/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 16.06.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измена и дополнување на на одлуката за утврдување на висината на комунални такси

член 1

Се врши измена и долнување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси број 09-984/3 од 07.04.2020 година, така што во тарифен број 1, член 2, став 1 и тоа:

За фирма, односно назив:

-Во подточка (в) износот од 6000 денари се заменува со 5000 денари;

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-1486/2<br>16.06.2020 година<br>П р и л е п | ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Совет на Општина Прилеп<br>м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈОУДГ „НАША ИДНИНА“-ПРИЛЕП**

1.Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУДГ „Наша Иднина“-Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-1488/2
16.06.2020 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), а во врска со член 44 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл. Весник на Р.М. бр.78/2015 година), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 16.06.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУДГ „Наша Иднина“-Прилеп

**член 1**

Со оваа одлука, Општина Прилеп на ЈОГДГ „Наша Иднина му дава на трајно користење движни ствари без надомест, 7 прочистувачи на воздух, кои се опишани во Договорот бр. 03-724/2 од 24.02.2020 година. Прочистувачите на воздух ги имаат следните карактеристики: Blue Pure 221 PAC 220-240 V with foldable Particle + Carbon mesh filter; Трослојна HepaSilent технологија на филтрација; Минимум Филтер за честички + филтер со активен јаглен; Префилтер; CADR индекс минимум 590m3/h; Површина на прочистување минимум 50м2; 360 степени всис и отсис на воздух; Светлосен сензор; 3 Степени на брзина на работа; Потсетник за замена на филтер; Панел на допир; Тежина 7кг; Димензии 522мм x 330мм x 330мм; Бучава 31-56 dB; Сертификати: Energy Star, AHAM, CARB; Гаранција 2 години. Оваа опрема е набавена преку Програмата за намалување на аерозагадување 2019 година, за чија реализација беа одговорни Генерален Секретаријат на Влада и Министерство за животна средина и просторно планирање.

**член 2**

Градоначалникот на Општина Прилеп склучува договор со директорот на ЈОУДГ ,,Наша иднина ’’ - Прилеп, со кој се уредуваат правата и обврските за стварите опшани од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

**член 3**

Одлуката да се доставо до Градоначаник, архивата на Општина Прилеп и ЈОУДГ „Наша Иднина“ –Прилеп.

**член 4**

Оваа Одлука влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 09-1486/3
16.06.2020 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2020 ГОДИНА**

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-1488/3
16.06.2020година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 20, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 22, став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 16.06.2020 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 година

**1. Вовед**

Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на Општина Прилеп за 2020 година која што опфаќа изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето исто така е и основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отворање на нови локации за :

- А Домување во станбени куќи и станбени згради
- Б Комерцијални и деловни намени
- В Јавни институции
- Г Производство, дистрибуција и сервиси
- Д Зеленило и рекреација
- Е Инфраструктура

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на нов ГУП или измена и дополнување на постоечкиот
- Изработка на нови ДУП-ови или измена и дополнување на постоечкте
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место
- Локални урбанистички плански документации
- Архитектонско урбанистички проекти
- Проекти за инфраструктура

**2. Планирани активности**

**Урбанистичко планирање**

**I. Регулациски планови**
**II. Детални урбанистички планови**
**III. Урбанистички планови за село**
**IV. Урбанистичко планска и проектна документација**

**II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

После точка 25, се додава две (2) нови точки, точка 26 и точка 27

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26 | ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, за ЧЕТВРТ 2, У.Б. 2.11, к.о. ПРИЛЕП, ОПШТИНА ПРИЛЕП | 5,85 ха | Финансирано од физички и правни лица |
| 27 | ДУП за Четврт 7, урбан блок 7.4, блок за детално планирање 7.4.1 | 3,184 ха | Финансирано од физички и правни лица |

При изработка на ДУП за Четврт за граница на плански опфат да се земе границата на еден или повеќе блокови за детално планирање дефинирани во генералниот урбанистички план.

При измена и дополнување на ДУП се дозволува одредување на плански опфат чии граници се осовини на речни корита и улици од примарната или секундарната улична мрежа, кои се веќе дефинирани со постојна планска документација.

**IV. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА И ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:**

После точка 10, се додава три (3) нова точка, точка 11,12 и 13

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Архитектонско - урбанистички проект за ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ГП БР.2.3.04, ОД ДУП ЗА ЧЕТВРТ 2, БЛОК 2.3, на КП бр.5857/2, КО | Финансирано од Општина |

| | | |
|---|---|---|
| | Варош, 12023/2, 24054/2, КО Прилеп, Општина Прилеп | Прилеп |
| 12 | Архитектонско - урбанистички проект за изградба на хала за сервис за автобуси (Г3) на Г.П. бр. 64, ДУП за УАЕ 1, УБ 1.04, К.П. бр. 3415, м.в. Бакалица, КО Варош, општина Прилеп доставена од страна на Трговско друштво за урбанистичо планирање, проектирање и инженеринг УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 13 | Архитектонско - урбанистичкиот проект за изградба на хала за заварување и монтажа - фазна градба на Г.П. бр. 1 од ЛУПД за лесна и незагадувачка индустрија (Г2) на К.П. бр. 2995 К.О. Варош, општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |

**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

После точка 6, се додаваат една (1) нова точка, точка 7

| | | |
|---|---|---|
| 7 | ЛУПД за изградба на објекти за производство на електрична енергија од алтернативни обновлови извори-биогас, со капацитет до 1MW, со намена Е2 - комунална супраструктура, на дел од КП 1781, дел од КП 1778, дел од КП 1782 и дел од КП 1783, КО Големо Коњари 1, општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |

**3. Финансирање**

За финансирање на Урбанистичките планови за село, наведени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 година, се обезбедени средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој , во согласност со законот.

За финансирање на останатите урбанистичките планови од програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година и од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

**4. Завршни одредби**

Во текот на годината во зависност од потребите , програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната програма за изработка на урбанистичките планови, Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на планови согласно Законот, со правни лица кои имаат овластување и лиценци за изработка на урбанистичките планови.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Прилеп,,

Број.09-1486/4
16.06.2020 година
П Р И Л Е П

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2021 ГОДИНА, НА ЈОУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА „КИРО КРСТЕСКИ-ПЛАТНИК“-ПРИЛЕП**

1.Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2021 година, на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-1488/4
16.06.2020 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/2018, 198/18 и 143/19) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 16.06.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2021 година,
на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник'' Прилеп

член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2021 година, на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп, бр.03-439/1 од 19.05.2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп, Градоначалникот, архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-1486/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 16.06.2020 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2020 ГОДИНА**

1.Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-1488/5 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 16.06.2020 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36, став 1, точка 2, од Законот за локална самоуправа Сл. весник на РМ бр.05/2002 и член 28, став 1 од Законот за финансирасее на единиците на локалната самоуправа Сл. весник на РМ бр.61/2004; 67/2004; 96/2004; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018 и 244/2019 година , Советот на Општина Прилеп на 44 седница одржана на 16.06.2020 година донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ЕЛС Општина Прилеп**

За **2020** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ЕЛС Општина Прилеп за 2020 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 3.575.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.575.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 3.522.000 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 0 | 4.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 49.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.575.000** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувасее во Службен гласник на Општината и станува составен дел на Буџетот за 2020 година.

Бр. 09-1486/6
16.06.2020 година

Претседател на Советот на Општината
**Миле Талевски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НЕНАПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА.**

1.Одлуката за ненаплаќање на комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност во Општина Прилеп за време на вонредна состојба, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-1488/6 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 16.06.2020 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), а во врска со Уредба со законска сила за примена на законот за комунални такси за време на вонредна состојба, број 44-5302/1 од 10.06.2020 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија(Службен весник на РСМ бр.154/2020), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 16.06.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за ненаплаќање на комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност во Општина Прилеп за време на вонредна состојба

член 1
Со оваа одлука Општина Прилеп нема да врши наплаќање на комунална такса, за користење на простор пред делововна просторија за вршење дејност на **угостителски објекти, кафетерии, барови, ресторани и спортски обложувалници**, во Општина Прилеп, за времетрање на вонредната состојба, согласно Уредба со законска сила за примена на законот за комунални такси за време на вонредната состојба, број 44-5302/1 од 10.06.2020 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

член 2
Одлуката да се достави до Градоначаникот, Архивата на Општина Прилеп.

член 3
Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

| | |
|---|---|
| Број 09-1486/7 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 16.06.2020 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГУП ЗА ГРАД ПРИЛЕП ЗА БЛОК 10.4 ВО ЧЕТВРТ 10, КО ПРИЛЕП, ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1.Одлуката за донесување на Регулациски план на ГУП за град Прилеп за БЛОК 10.4 во ЧЕТВРТ 10, КО Прилеп, Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-1488/7 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 16.06.2020 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 40, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/16, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/02) и член 14, став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на општина Прилеп (Службен гласник на општина Прилеп 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 16.06.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на **Регулациски план на ГУП за град Прилеп за БЛОК 10.4 во ЧЕТВРТ 10, КО Прилеп, Општина Прилеп** (во понатамошниот текст: планот)

**член 1**

Се донесува Регулациски план на ГУП за град Прилеп за БЛОК 10.4 во ЧЕТВРТ 10, КО Прилеп, Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука, ( во натамошниот текст: Планот).

Просторот дефиниран за изработка **Регулациски план на ГУП за град Прилеп за Блок 10.4 во Четврт бр.10 - дел, КО Прилеп, КО Беровци, КО Ново Лагово, општина Прилеп,** со својата местоположба припаѓа во општина Прилеп. Вкупната површина на општина Прилеп изнесува 1194,44km$^2$, површината на ГУП на град Прилеп изнесува 1928,80 ха, а вкупната површина на опфатот за **Регулациски план на ГУП за град Прилеп за Блок 10.4 во Четврт бр.10 - дел, КО Прилеп, КО Беровци, КО Ново Лагово, општина Прилеп,** изнесува 86,59ха.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански опфат зафаќа површина од 86,59ха и со својата местоположба се наоѓа во КО Прилеп, КО Беровци, КО Ново Лагово, општина Прилеп.

Границата на планскиот опфат се движи и граничи:

- Од **Исток** границата на планскиот опфат се движи по осовина на Магистралната улица М2 – ул.Александар Македонски од ГУП на град Прилеп
- Од **Југ** границата на планскиот опфат ја сечи Магистралната улица М2 – ул.Александар Македонски од ГУП на град Прилеп
- На **Запад** границата на планскиот опфат се движи по границата на ГУП на град Прилеп и по осовината на железничката пруга Битола – Прилеп – Скопје од ГУП на град Прилеп.
- На **Север** границата на планскиот опфат се движи по осовина на Магистралната улица М1 – ул.Обиколница запад од ГУП на град Прилеп.

**член 2**

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
СОДРЖИНА:

**1. ОПШТ ДЕЛ, РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОЕКТНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЛИЦЕНЦИ И ОВЛАСТУВАЊА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**2. ПИСМА И МИСЛЕЊА ОД ИНСТИТУЦИИ И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ**

**3. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

3.1 ВОВЕД

3.1.1 Општо

3.1.2 Цел на изработка на Регулациски план на ГУП

3.1.3 Методологија на изработка на Регулациски план

3.2 Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

3.3 Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис н неговите граници и површина

3.4 Историја на планирањето и уредувањето на подрачјето на проектниот опфат и неговата околина

3.5 Податоци за природни чинители на опфатот

3.5.1 Природни фактори

3.5.2 Сеизмика на просторот

3.5.3 Климатски услови

3.5.4 Културно наследство

3.6 Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат

3.6.1 Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка инфраструктура и супраструктура

3.6.2 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура

3.6.2.1 Сообраќај

3.6.2.2 Хидротехничка инфраструктура

3.7 Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план

3.7.1 Извод од ГУП на град Прилеп

3.8 Нумерички показатели на постојаната состојба

3.9 Анализа на можности за просторен развој

3.10 Заклучок од аналитичко-истражувачкиот дел

3.11 Можности за просторен развој

**3.А ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП**

**3.Б ГРАФИЧКИ ДЕЛ ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Пошироко просторно опкружување...............................................M=25: 000
2. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија...........M=1:1 000
3. Ажурирана геодетска подлога……............................................. M=1:1 000
4. Инвентаризација на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење и културни предели…................................... M=1:1 000
5. Инвентаризација на вкупниот изграден градежен фонд, комунална инфраструктура и физичка супраструктура...............…............... M=1:1 000

**4. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

4.1 Вид на планот, назив и подрачје на планскиот опфат и плански период

4.2 Опис и образложене на планскиот концепт и просорен развој

4.3 Опис и образложение на планските решенија за изградба нанаменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба и на градежното земјиште за општа употреба

4.3.1 Поделба на површините во Блок 10.4

4.3.2 Наменска употреба на градежното земјиште

4.4 Сообраќајно решение

4.5 Нивелманско решение

4.6 Хидротехничка инфраструктура

4.7 Електро – енергетска и ПТТ инсталации

4.8 Економско образложение

4.9 Општи услови за изградба

4.10 Посебни услови за изградба

4.10.1 Нумерички дел

4.11 Мерки за заштита и спасување

4.11. 1 Заштита и спасување од пожари, експозии и опасни материи

4.11. 2 Заштита и спасување од урнатини

4.11. 3 Заштита и спасување од поплави

4.11. 4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

4.11. 5 Спасување од сообраќајни несреќи

4.11. 6 Прва медицинска помош

4.11. 7 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидитет

4.11. 8 Мерки за заштита на културното наследство

4.А ГРАФИЧКИ ДЕЛ ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. План на намена на земјиштето и градбите.................................M=1:1 000
2. Регулациски план.........................................................................M=1:1 000
3. Сообраќаен и нивелациски план...............….......................... M=1:1 000
4. Инфраструктурен план...........….................................................. M=1:1 000
5. Синтезен план…...................……................................................ M=1:1 000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/16, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 22/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**член 3**

Одлуката за донесување на регулацискиот план, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на Советот на Општина Прилеп, како донесувач на Регулацискиот план.

**член 4**

Советот на Општина Прилеп е должен примерок од донесениот регулациски план во електронска форма да го објави на веб страната на општината.

**член 5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп, а ќе започне да се применува по прикачување на истата во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на Советот на Општина Прилеп и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

Број 09-1486/8
16.06.2020 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ И НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ГРОБИШТАТА И ПРИДРУЖНИТЕ ОБЈЕКТИ НА ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“-ПРИЛЕП**

1.Одлука за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на трошоците и надоместоците за користење на инфраструктурата на гробиштата и придружните објекти на ЈКП „Комуналец“-Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-1488/8
16.06.2020 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 16.06.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на трошоците и надоместоците за користење на инфраструктурата на гробиштата и придружните објекти на ЈКП „Комуналец“ - Прилеп

член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на трошоците и надоместоците за користење на инфраструктурата на гробиштата и придружните објекти на ЈКП „Комуналец“ Прилеп, број 02-1213/4 од 11.06.2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП „Комуналец“– Прилеп ,Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број 09-1486/9
16.06.2020 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

